Врз основа на член 11 алинеја 3 од Законот за матичен број на граѓанинот („Службен весник на РМ“ бр. 36/92), министерот за внатрешни работи, донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЦИ

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на определувањето на матичен број на странци (во натамошниот текст: матичен број), начинот на водењето евиденција за матичните броеви на странци, како и запишувањето на издадените матични броеви во евиденциите и јавните исправи.

Член 2

Матичен број им се определува на странци за кои, врз основа на закон, се водат евиденции и се издаваат јавни исправи, а посебно на:

1. странци на кои им е одобрен постојан престој во Република Македонија;
2. странци на кои во Република Македонија им е признато правото на азил;
3. странци на кои во Република Македонија им е признат статусот на бегалец;
4. странци кои во Република Македонија имаат статус на лице без државјанство.

Матичен број им се определува и на децата на кои обата родители се странски државјани, а кои припаѓаат кон една од категориите наведени во точка од 1 до 3 на став 1 од овој член, ако се родени во Република Македонија.

## II. Постапка за определување на матичниот број на странци

Член 3

Матичниот број на странци го определува Министерството за внатрешни работи, кое врз основа на закон, за определен странец води евиденција и врз основа на таа евиденција издава јавни исправи. Барање за определување на матичен број се поднесува во рок од 30 дена од денот на запишувањето на странецот во евиденцијата, односно во рокот пропишан за издавање на јавна исправа и ги содржи следните податоци: презиме и име на странецот, име на родителите; пол; ден, месец и година на раѓањето; место и држава на раѓањето; државјанство, место и адреса на престој и број на лична карта на странец.

Во барањето за определување на матичен број на дете на странски државјанин што е родено во Република Македонија се наведуваат и матичните броеви на родителите, ако им се определени.

## III. Структура и начин на утврдување на матичниот број на странци

Член 4

Матичниот број се состои од 13 броја распоредени во шест групи и по структура е ист како и матичниот број на граѓаните.

Бројот на регистарот (IV група) се состои од два броја – 04.

Член 5

Матичниот број се определува врз основа на податоците содржани во актот на Министерството за внатрешни работи со кој на странецот му е признат некој од статусите наведени во член 2 на овој правилник.

Контролниот број се определува со електронски сметач.

Член 6

Матичниот број на детето на кое обата родители се странски државјани, а е родено во Република Македонија, се определува врз основа на податоците содржани во јавната исправа во која е запишан фактот на раѓањето.

## IV. Водење евиденција и запишување на издадени матични броеви на странци

Член 7

Евиденцијата за издадените матични броеви се води на системот за автоматска обработка на податоците и ги содржи следните податоци: презиме и име на странецот, име на родителите, пол, место и држава на раѓањето, датум на раѓањето, државјанство, матичен број и општина во кое лицето пријавило престој.

Член 8

Матичниот број се запишува во јавните исправи на странецот издадени од надлежните органи на Република Македонија, а посебно во: лична карта за странец, пасош за странец, патна исправа за бегалец, патна исправа за лице без државјанство и патен лист за странец.

## V. Преодни и завршни одредби

Член 9

На странецот на кого пред денот на влегувањето во сила на овој правилник му е признат некој од статусите од член 2 на овој правилник, Министерството за внатрешни работи ќе му определи матичен број.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 121-23729/1
24 мај 1993 година
Скопје

Министер за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.